Јавно претпријатие за комунални дејности
ПЛАВАЈА П.О.
Бр. 0202-943/2
31.12.2018 год.
Радовиш

Врз основа на член 15 од Статутот на ЈП Плаваја Радовиш,а во врска со спроведената јавна набавка под бр. 0507-717/4 од 11.09.2018 година,Управниот одбор на седницата одржана на 28.12.2018 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## За распределба на канти за смет и метални контењери на правни и физички лица

### Член 1

Единичната цена на пластични канти за отпадоци за физички лица ќе изнесува 1.000 денари со пресметан ДДВ.

Доколку физичко лице корисник на услугите на ЈП Плаваја Радовиш набави две канти (една за Комунален- домаќински отпад и една за селектиран отпад) вкупната цена на двете канти ќе изнесува 1.800 денари со пресметан ДДВ.

### Член 2

Плаќањето за физички лица ќе се врши на 6 еднакви месечни рати доколку корисникот набави една канта, а на 12 еднакви месечни рати доколку корисникот набави 2 канти за смет,со месечната сметка за вода и смет доставена од ЈП Плаваја.

Кантите за смет ќе бидат доделувани по доставено барање од страна на корисниците, по што ќе се отпочне со фактурирањето во шестте, односно дванаесетте наредни сметки на корисникот кој поднел барање.

### Член 3

Цената за набавка на канти за правни лица ќе изнесува 1.800 денари со пресметан ДДВ со обврска за набавка на 2 канти (една за Комунален цврст отпад и една за селектиран отпад).

По доставено барање од страна на правното лице ќе му биде изготвена профактура, плаќањето да се врши по доставена фактура во износ од 1.800 денари со пресметан ДДВ.

**Член 4**

Контењери можат да набават само правни лица по доставено барање до архива на ЈП Плаваја Радовиш.
Цената за набавка на еден метален контењер од 1,1 м$^3$ изнесува 12.500,оо денари со пресметан ДДВ.

По доставеното барање на правното лице ќе му биде издадена фактура, плаќањето да се изврши по доставената фактура во износ од 12.500,оо денари со пресметан ДДВ.

**Член 5**

Оваа одлука ќе важи до потрошување ба залихата од набавените канти за смет согласно договорот за јавна набавка под бр. 0507-717/4 од 11.09.2018 година.
Доколку се набават нови канти за смет со нова јавна набавка Управниот одбор на ЈП ќе донесе нова одлука согласно цените на извршената набавка.

**Член 6**

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето

Управен одбор на ЈП Плаваја Радовиш
Претседател
Марјан Тасев